До:
Г-ѓа Галена Николовска Ризвановиќ
Емисија „360 степени“

**Предмет:** **Одговори на поставени прашања**

**Врска:** **Сторија поврзана со реконструкцијата на објектот на старата Комерцијална банка**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис кој се однесува на Вашата сторија поврзана со реконструкција на објектот на стара Комерцијална банка, во прилог ги доставуваме нашите одговори, како што следи:

***Прашање број 1****. Дали е точно дека „Глобал Инжинеринг“, како проектант, го изработил основниот проект за реконструкција на објектот на „стара Комерцијална банка“ без да изврши увид во целиот објект?*
**Одговор:** Проектната документација за реконструкција на објектот “Стара Комерцијална банка” е изработена во согласност со проектната задача, потребите, насоките и барањата на инвеститорот. Истата е ревидирана од независна ревидентска компанија и како таква е прифатена од инвеститорот за натамошна реализација.

***Прашање број 2:*** *Каков е ставот на „Глобал Инжинеринг“, како проектант, по ставовите на СОЗР и на изведувачот „Бауер БГ“ дека основна причина за големиот број на измени, појавени кусоци и вишоци, а со тоа и пробиени рокови за реконструкција на објектот, е во основниот проект?*
**Одговор:** Кусоците и вишоците при изградба на еден објект се евидентираат во градежна книга која ја потврдува надзорниот орган, а што се однесува до динамиката на изведба, таа ја диктира изведувачот согласно неговите капацитети и начин на организација на работите. Бидејќи ние како проектантска куќа не сме директно вклучени во процесот на градба не би можеле да оцениме на што се должат појавените вишоци и кусоци како и пробивањето на утврдената динамика за работа.

***Прашање број 3:*** *Каков е ставот на „Глобал Инженеринг“, како проектант, по ставот на СОЗР дека „Неизвршувањето на договорните обврски од страна на Изведувачот е последица на исчекувањето на изработката на новите технички решенија за одредени фази кои се неопходни и кои влијаат на функционалноста на објектот“?*
**Одговор:** Динамиката на изведба на објектот зависи исклучиво од изведувачот. Ние како проектанти благовремено одговоривме на сите барања за измени кои се доставени до нас од страна на инвеститорот.

Со почит,

Битола, 07.04.2026 година

ИНТ Глобал Инженеринг АВ ДООЕЛ

ИНТ Глобал Инженеринг АВ ДООЕЛ
Крстин Чулаковски 49 Битола | Климент Охридски бб Пелагонка 2 кат 1 Битола | Партизански Одреди 52/1 Скопје
02 310 32 96 | 047 612 713 | 078 451 714 | 078 34 56 56 | www.globalinzenering.com.mk